Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 точка 16 и член 43 став 2 од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) и член 28 и член 44 став 3 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по барањето за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива наменети за транспорт - складирање на Еуродизел БС (Д-Е V), Еуросупер БС 95, Еуросупер БС 98, Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) и Течен нафтен гас (ТНГ), УП1 бр.11-58/11 од 07.08.2017 година на Друштвото за трговија на нафтени деривати и услуги ЛУКОИЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и постапувајќи по службена должност, на седницата одржана на 14.08.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА МЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СКЛАДИРАЊЕ НА СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА НАМЕНЕТИ ЗА ТРАНСПОРТ – СКЛАДИРАЊЕ НА ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V), ЕУРОСУПЕР БС 95, ЕУРОСУПЕР БС 98, ЕКСТРА ЛЕСНО 1 (ЕЛ-1) И ТЕЧЕН НАФТЕН ГАС (ТНГ)**

1. Лиценцата за вршење на енергетска дејност складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива наменети за транспорт - складирање на Еуродизел БС (Д-Е V), Еуросупер БС 95, Еуросупер БС 98, Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) и Течен нафтен гас (ТНГ) издадена со Одлука Бр. 02-908/1 од 06.09.2005 година, изменета со Одлука УП1 бр.11-58/11 од 14.11.2011 година, изменета со Одлука УП1 бр.11-58/11 од 04.09.2015 година, изменета со Одлука УП1 бр.11-58/11 од 14.09.2015 година, продолжена со Одлука УП1 бр.11-58/11 од 15.09.2015 година, и изменета со Одлука УП1 бр. 11-58/11 од 03.08.2016 година на Друштвото за трговија на нафтени деривати и услуги ЛУКОИЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје (Службен весник на Република Македонија бр.75/05, 159/11, 155/15, 158/15, 161/15 и 146/16), се менува по барање на носителот на лиценцата поради пренамена на капацитетите и по службена должност поради усогласување со Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари ("Службен весник на Република Македонија" бр. 207/16 и 215/16).

2. Правата и обврските на носителот на лиценцата за вршење на енергетска дејност складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива наменети за транспорт - складирање на Еуродизел БС (Д-Е V), Еуросупер БС 95, Еуросупер БС 98, Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) и Течен нафтен гас (ТНГ) се утврдени во пречистениот текст на Прилог 1 „Лиценца за вршење на енергетска дејност складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива наменети за транспорт - складирање на Еуродизел БС (Д-Е V), Еуросупер БС 95, Еуросупер БС 98, Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) и Течен нафтен гас (ТНГ)" кој што е составен дел на оваа Одлука.

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за трговија на нафтени деривати и услуги ЛУКОИЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, до Регулаторната Комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 45 став 1 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (во натамошниот текст Правилник), поднесе Барање за отпочнување на постапка за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива наменети за транспорт - складирање на Еуродизел БС (Д-Е V), Еуросупер БС 95, Еуросупер БС 98, Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) и Течен нафтен гас (ТНГ), УП1 бр.11-58/11 од 20.07.2017 година.

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на 21.07.2017 година донесе Заклучок за отпочнување на постапка за менување на лиценца со кој утврди кои одредби од Правилникот ќе се применуваат и потребната документација која што треба да биде доставена во постапката за менување на горенаведената лиценца.

Друштвото за трговија на нафтени деривати и услуги ЛУКОИЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, постапи по Заклучокот и на 07.08.2017 година до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија достави Барање за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива наменети за транспорт - складирање на Еуродизел БС (Д-Е V), Еуросупер БС 95, Еуросупер БС 98, Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) и Течен нафтен гас (ТНГ), со потребната документација.

Менувањето на лиценцата е побарано поради пренамена на еден резервоар од 1320 $м^3$ претходно наменет за складирање на Екстра лесно 1 (ЕЛ-1), во резервоар за складирање на Еуродизел БС (Д-Е V), на локација на КП.бр 128/6 КО Штип, сопственост на Друштвото за трговија на нафтени деривати и услуги ЛУКОИЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје.

Воедно, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, постапувајќи по службена должност, поради усогласување со Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари, а врз основа на член 44 став 3 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, врши менување на горенаведената Одлука по службена должност. Усогласувањето на лиценцата се однесува на обврската за доставување на податоци потребни за следење и контрола на пазарот на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива наменети за транспорт.

Врз основа на оваа измена носителот на лиценцата, ќе има обврска бараните податоци да ги доставува на начин и во рокови дефинирани во Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари.

Врз основа на член 22 став 1, алинеја 16, од Законот за енергетика и член 28 став 1 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на ден 14.08.2017 година, одржа главна седница и донесе Одлука за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива наменети за транспорт - складирање на Еуродизел БС (Д-Е V), Еуросупер БС 95, Еуросупер БС 98, Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) и Течен нафтен гас (ТНГ).

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на енергетиката, во рок од 15 дена од приемот.

**УП1 бр. 11-58/11**
**14.08.2017 година**
**Скопје**

**ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Куштрим Рамадани**

**Прилог 1**

# ЛИЦЕНЦА
## ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ
## СКЛАДИРАЊЕ НА СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА НАМЕНЕТИ ЗА ТРАНСПОРТ - СКЛАДИРАЊЕ НА ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V), ЕУРОСУПЕР БС 95, ЕУРОСУПЕР БС 98, ЕКСТРА ЛЕСНО 1 (ЕЛ-1) И ТЕЧЕН НАФТЕН ГАС (ТНГ)

1. **Име и седиште на носителот на лиценцата**
   Друштво за трговија на нафтени деривати и услуги ЛУКОИЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, Бул.Партизански одреди бр.18, 1000 Скопје, Република Македонија.

2. **Енергетската дејност за која се издава лиценцата**
   Складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива наменети за транспорт - складирање на Еуродизел БС (Д-Е V), Еуросупер БС 95, Еуросупер БС 98, Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) и Течен нафтен гас (ТНГ).

3. **Датум на издавање на лиценцата:**
   6 септември 2005 година

4. **Период на важење на лиценцата:**
   10 години

5. **Период на продолжување на лиценцата:**
   10 години

6. **Датум до кога важи лиценцата:**
   6 септември 2025 година

7. **Евидентен број на издадената лиценца:**
   НД - 01.04.1/05.2/11.2/15.2/15.3/15.2/16.2/17

8. **Број на деловниот субјект –** 5993539

9. **Единствен даночен број –** 4030005551138

10. **Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**
    Со оваа лиценца се определуваат условите за вршење на енергетската дејност складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива наменети за транспорт - складирање на Еуродизел БС (Д-Е V), Еуросупер БС 95, Еуросупер БС 98, Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) и Течен нафтен гас (ТНГ).
    Како енергетска дејност складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, се смета складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и/или горива за транспорт, во посебни резервоари, за сопствена потрошувачка, за потребите за преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати или горива за транспорт.

11. **Деловни простори и простории во кои ќе се врши енергетската дејност со карактеристики на објектите, постројките, опремата и инсталациите**
    За вршење на енергетската дејност ќе се користат 10 резервоари и тоа:
    - 3 резервоари од 1320 м$^3$ за прием на Еуродизел БС (Д-Е V),
    - 1 резервоар од 1320 м$^3$ за прием на Еуросупер БС 95,

- 1 резервоар од 1320 $м^3$ за прием на Еуросупер БС 98,
- 1 резервоар од 1320 $м^3$ за прием на Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) и
- 4 резервоари од по 100 $м^3$ за прием на Течен нафтен гас (ТНГ).

Резервоарите се во сопственост на Друштвото за трговија на нафтени деривати и услуги ЛУКОИЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и се наоѓаат на КП.бр 128/6 КО Штип.

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди објектите и постројките во кои се врши складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - складирање на Еуродизел БС (Д-Е V), Еуросупер БС 95, Еуросупер БС 98, Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) и Течен нафтен гас (ТНГ) во секое време да ги исполнуваат пропишаните минимално-техничките услови за вршење на дејноста.

Носителот на лиценцата е должен да ја извести Регулаторната комисија за енергетика за секоја промена на расположивиот капацитет за складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - складирање на Еуродизел БС (Д-Е V), Еуросупер БС 95, Еуросупер БС 98, Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) и Течен нафтен гас (ТНГ), најдоцна во рок од 30 дена по настаната промена.

**12. Подрачје на кое ќе се врши дејноста**

Дејноста складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива наменети за транспорт - складирање на Еуродизел БС (Д-Е V), Еуросупер БС 95, Еуросупер БС 98, Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) и Течен нафтен гас (ТНГ) носителот на лиценцата може да ја врши на територијата на Република Македонија.

**13. Општи обврски за носителот на лиценцата**

Носителот на лиценцата е должен да:

- обезбеди сигурно и безбедно складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива наменети за транспорт;
- ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на вршење на енергетската дејност складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива наменети за транспорт, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа;
- ги почитува техничките правила, нормативи и стандарди за работа на енергетските објекти и опрема;
- доставува податоци и информации согласно Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари, и
- ги почитува правилниците и другите прописи кои ги пропишува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика во согласност со закон, а особено Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности и Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари.

**14. Обврска за одвоена сметководствена евиденција**

Носителот на лиценцата е должен :

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца;
- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието: да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието, како и
- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

15. **Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави Годишен извештај за делокругот на своето работење, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година.

Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1. извршени услуги на складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - складирање на Еуродизел БС (Д-Е V), Еуросупер БС 95, Еуросупер БС 98, Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) и Течен нафтен гас (ТНГ) во текот на извештајна година, по вид на дериват и корисник на услуга;
2. годишна сметка и финансиски извештај составен од:
- биланс на состојба и биланс на успех,
- извештај за промените во главнината,
- извештај за паричните текови,
- применетите сметководствени политики,
- други објаснувачки белешки подготвени во согласност со меѓународните сметководствени стандарди; и
- интерни пресметки за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценци;
3. превземени мерки во текот на извештајната година за:
- заштита на објектите и опремата од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност,
- заштита при работа,
- обука и стручно усовршување на вработените заради сигурно, безбедно и квалитетно вршење на енергетската дејност,
- заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,
- спроведување на мониторинг врз сопственото работење,
- обезбедување на услови за сигурно, континуирано и квалитетно вршење на енергетската дејност,
- вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба;
4. извршување на програмата за ремонти во извештајна година;
5. состојба со кадровска екипираност за извршување на поделни задачи при вршењето на енергетската дејност;
6. извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли;
7. оценка за реализирање на планот за работа за извештајната година; и
8. бизнис план за тековната година.

16. **Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на дејноста**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност.

17. **Обврска за овозможување на пристап до објектите и инсталациите и непосреден увид во документацијата**

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика да овозможи непосреден увид од страна на Регулаторната комисија во вршењето на дејноста за која е издадена лиценцата, увид во целокупната документација на носителот на лиценцата, објектите, деловните простории, простори, инсталациите, како и на средствата и опремата

потребни за вршење на дејноста, во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**18. Обврска за склучување на соодветни договори заради вршење на дејноста**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до еден месец пред истекот на договорот за право на користење врз објектите и постројките со кои се врши дејноста за која што е издадена лиценцата, да достави договори односно други правни акти од кои може да се утврди правото на сопственост односно правото на користење врз објектите и постројките со кои се врши дејноста за која што е издадена лиценцата.

Во случај на неисполнување на обврската од претходната алинеа, Регулаторната комисија за енергетика ќе отпочне постапка за одземање на лиценцата.

**19. Изменување и дополнување на лиценцата**

Изменувањето и дополнувањето на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**20. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика и Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.